Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KЁSHILLI GJYQЁSOR I REPUBLIKЁS SЁ MAQEDONISЁ SЁ VERIUT**

Ул. “Македонија“ бр. 5, 1000 Скопје | тел. 02/3 218 130 факс. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel. 02/3 218 130 faksi. 02/3 218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

_______________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 447-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 04.07.2023 година**

Седницата се одржа на ден 04.07.2023 година со почеток во 10,00 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Ханиф Зендели** , заменик претседател и член на Советот
- **Мери Радевска**, член на Советот
- **Лорета Горгиева**, член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, член на Советот
- **Мирсад Суроји** ,член на Советот
- **Весна Дамева** , член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член на Советот

Отсутни членови:

- **Сашко Георгиев** , претседател на Советот- оправдано отсутен - здравствени причини
- **м-р Кренар Лога** , Министер за правда – отсутен -уредно известен
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд на РСМ-отсутна-уредно известена Присутни од стручната служба:
- **Весна Толева**, ВД Генерален секретар
- **Александра Шоптрајанова**, самостоен референт-технички секретар
- **Весна Михајловска**, државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на медиумите и друга поширока јавност.

- Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше Ханиф Зендели , заменик претседател и член на Советот

Откако го констатира присуството на членовите на Советот, го изложи Дневниот ред за 447-та седница.

Заменик претседател и член на Советот Ханиф Зендели отвори расправа по предложениот Дневниот ред.

За збор се јави Мирсад Суроји - член на Советот, кој истакна дека предлага проширување на дневниот ред , со тоа што како прва точка на дневниот ред ќе биде ставен записникот на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители бр. 09-1134/2 од 30.05.2023 година , одржана на 03.07.2023 година со предлог одлука , како и записникот на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите, одржана на ден 22.05.2023 година.

Членот на Советот м-р Ивица Николовски предложи втората точката од дневниот ред –разгледување на извештај од работна посета на Основен суд Струмица да биде повлечена од дневен ред , од причина што извештајот е даден од претседателот на работната група - членот на Советот Зоран Герасимовски, кој веќе не е член на Советот , а членот на Советот м-р Ивица Николовски како член на работната група при разгледување на извештајот оценил дека има одредени пропусти и тоа од технички аспект , па од тие причини предложи овој извештај уште еднаш да се проследи до работната група, а потоа да биде ставен на разгледување на дневен ред.

Откако се констатира дека друг не се јави за збор, Ханиф Зендели , заменик претседател и член на Советот предложениот Дневниот ред го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека со 10 гласа „За“ е усвоен следниот :

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Разгледување на Записник на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители бр. 09-1134/2 од 30.05.2023 година , одржана на 03.07.2023 година со предлог одлука , како и записник на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите, одржана на ден 22.05.2023 година
2. Разгледување на извештај за работна посета во Основен суд Кавадарци
3. Расправа по извештаи за констатирана состојба
4. Формирање на Комисија на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и
5. Разно

**Точка 1**

1. **Разгледување на Записник на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители бр. 09-1134/2 од 30.05.2023 година , одржана на 03.07.2023 година со предлог одлука, како и записник на Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите, одржана на ден 22.05.2023 година**

Ханиф Зендели , заменик претседател и член на Советот отвори расправа по првата точка од дневниот ред и му даде збор на известителот – претседател на Комисијата за рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд одржана на ден 22.05.2023 година, членот на Советот Мирсад Суроји, кој истакна дека Комисијата ги разгледа поднесените пријави по огласот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.73/23 од 06.04.2023 година за избор на судии во ОС Берово, ОС Битола, ОС Делчево, ОС Кичево, ОС Куманово, ОС Крушево, ОС Охрид, ОС Прилеп, ОС Радовиш, ОС Свети Николе. ОС Струга, ОС Струмица и ОС Тетово и констатира дека се примени 13 пријави, и тоа за:

- ОС Битола 4 пријави
- ОС Охрид 1 пријави
- ОС Свети Николе 1 пријава
- ОС Тетово 3 пријава и
- ОС Струмица 4 пријави.

За основните судови Берово, Делчево, Кичево, Куманово, Крушево, Прилеп, Радовиш и Струга нема пристигнато ниту една пријава.Истакна дека Комисијата најпрво пристапи кон разгледување на поднесените пријави по однос на тоа дали пријавите на кандидатите се навремено доставени до Судскиот совет и комплетирани со документација согласно закон и се констатираше дека на огласот се јавиле 11 кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители со поднесени вкупно 11 пријави, додека еден кандидат за Основен суд Струмица ја повлекол пријавата на ден 31.05.2023 година. За пријавите поднесени од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители Комисијата констатира дека се навремено доставени до Судскиот совет и комплетирани со документација согласно закон, наведе да не ги набројува и дека ги исполнуваат сите услови согласно закон.

На огласот исто така пристигнале 2 пријави од судски соработник од ОС Охрид и од адвокат од Тетово, кои немаат завршено обука во Академијата за судии и јавни обвинители. Комисијата не ги прифати овие пријави од причина што кандидатите не ги исполнуваат посебните услови за избор на судија во основен суд, предвидени во чл.46 ст.2 од Законот за судови, каде е предвидено дека за судија на основен суд може да биде избрано само лице кое ја завршило обуката во Академијата за судии и јавни обвинители.

Предвид на горенаведеното, истакна дека Комисијата донесе Предлог-одлука- Да се извести Судскиот совет на Република Северна Македонија дека на огласот за избор на судии од

кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители по огласот објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.73/23 од 06.04.2023 година за избор на судии во ОС Берово, ОС Битола, ОС Делчево, ОС Кичево, ОС Куманово, ОС Крушево, ОС Охрид, ОС Прилеп, ОС Радовиш, ОС Свети Николе, ОС Струга, ОС Струмица и ОС Тетово се пријавени 10 кандидати за следните судови:

- ОС Битола
- ОС Свети Николе
- ОС Тетово
- ОС Струмица

За основните судови Берово, Делчево, Кичево, Куманово, Крушево, Прилеп, Радовиш и Струга нема пристигнато ниту една пријава.Од пријавените кандидати 2 кандидати не ги исполнуваат законските услови за избор на судија, бидејќи немаат завршено обука во Академијата за судии и јавни обвинителипо што предложи да се усвои овој записник.

Ханиф Зендели , заменик претседател и член на Советот ги праша членовите дали некој од нив сака да земе збор, па со оглед дека никој од членовите на Советот не се јави за збор, истакна дека по однос на другиот записник со предлог- одлука во која Комисија бил претседател Ханиф Зендели, член на Советот, по што му даде збор на членот на Советот м-р Миљазим Мустафа, член на Комисијата , да го изложи истиот .

Весна Дамева, член на Советот зема збор и истакна дека за неа не е спорна содржината на овој записник, не се спорни преземените дејствија , меѓутоа спорно е она што следи по усвојување на овој записник, а тоа е полагање на психолошките тестови така да истакна дека ќе се задржи само на записникот, а не по однос на психолошкиот тест на кандидатите.

Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа, истакна дека Комисијата за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители одржана на ден 03.07.2023 година одржа состанок за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите на кандидатите, за избор на судии во Основен суд Берово, Основен суд Битола, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Крушево, Основен суд Куманово, Основен суд Охрид, Основен суд Прилеп, Основен суд Струга и Основен суд Струмица, по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители бр. 09-1134/2 од 30.05.2023 година, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.112 од 31.05.2023 година, а по одлука на Судскиот совет број 09-1134/1 од 30.05.2023 година. Комисијата во смисла на чл. 45 и чл. 46 ст.1 т.1 од Законот за судовите ги разгледа и изврши проверка на поднесените пријави по оглас за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители бр. 09-1134/2 од 30.05.2023 година, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.112/23 од 31.05.2023 година, а по одлука на Судскиот совет на Република Северна Македонија број 09-1134/1 од 30.05.2023- година за избор на судии во основните судови кои претходно ги наведе и истакна дека Комисијата констатира дека по одлуката број 09-1134/1 од 30.05.2023 година за избор на 1 судија во Основен суд Берово, 1 судија во Основен суд Битола, 8 судии во Основен граѓански суд Скопје, 2 судии во Основен суд Делчево, 3 судии во Основен суд Кичево, 7 судии во Основен кривичен суд Скопје, 1 судија во Основен суд Крушево, 1 судија во Основен суд Куманово, 2 судии во Основен суд Охрид, 3 судии во Основен суд Прилеп, 3 судии во Основен суд Струга и 3 судии во Основен суд Струмица пристигнале вкупно 38 пријави, и тоа за:

- Основен суд Битола – 4 пријави
- Основен кривичен суд Скопје - 3 пријави
- Основен граѓански суд Скопје - 10 пријави
- Основен суд Струмица - 3 пријави
- Основен кривичен суд Скопје/ Основен граѓански суд Скопје 9 пријави

За Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Крушево, Основен суд Куманово, Основен суд Охрид, Основен суд Прилеп и Основен суд Струга нема пристигнато ниту една пријава.Комисијата по разгледување на поднесените пријави по однос на тоа дали пријавите на кандидатите се навремено доставени до Судскиот совет и комплетирани со документација согласно Законот за судови утврди комплетност на документи иконстатира дека на огласот се јавиле 28 кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители со поднесени вкупно 28 пријави и еден кандидат кој е активен судија. Девет кандидати од

Академијата за судии и јавни обвинители имаат поднесено пријави за избор во 2 суда – Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје.

За пријавите поднесени од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители се констатира дека се навремено доставени до Судскиот совет и комплетирани со документација согласно закон.По однос на пријавата поднесена од активен судија Комисијата констатира дека пријавата се однесува за избор на судија во Основен граѓански суд Скопје каде се имаат јавено кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители. Пријавата не била прифатена бидејќи, согласно чл.47 ст.6 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот може да избере судија на еден основен суд кој се пријавил на огласот за судија на друг основен суд, доколку на огласот не се јавил кандидат од Академијата за судии и јавни обвинители. Воедно, утврди дека кандидатот не ги исполнува условите за избор на судија во основен суд, бидејќи од документацијата доставена во прилог со пријавата видно е дека доставеното лекарско уверение е со истечен датум, како и дека доставениот доказ за положен тест за интегритет и психолошкиот тест видно од кои истите се со поминат рок на важност од причини што истите кандидатот ги има положено во 2017 година.Врз основа на наведеното Комисијата констатира дека 28 од пријавените кандидати кон пријавите доставиле комплетна и уредна документација,а 1 од пријавените кандидати не ги исполнува условите и не доставил уредна и комплетна документација.Предвид наведеното истакна дека Комисијата на огласот за избор на судии од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители бр. 09-1134/2 од 30.05.2023 година, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.112/23 од 31.05.2023 година, за избор на судии во Основен суд Берово, Основен суд Битола, Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Крушево, Основен суд Куманово, Основен суд Охрид, Основен суд Прилеп, Основен суд Струга и Основен суд Струмица се пријавени 29 кандидати за следните судови:

- Основен суд Битола
- Основен кривичен суд Скопје
- Основен граѓански суд Скопје
- Основен суд Струмица , а за Основен суд Берово, Основен суд Делчево, Основен суд Кичево, Основен суд Крушево, Основен суд Куманово, Основен суд Охрид, Основен суд Прилеп и Основен суд Струга нема пристигнато пријави.Од пријавените кандидати 28 ги исполнуваат законските услови за избор на судија, додека 1 од пријавените кандидати, еден кандидат не ги исполнува условите за избор на судија.

Ханиф Зендели , заменик претседател и член на Советот ги праша членовите дали некој од нив сака да земе збор во дискусијата , по што се јави Весна Дамева, член на Советот истакна дека не се спорни записниците иако материјалите им беа дадени на членовите непосредно пред седницата, но при гласањето таа ја прифаќа анализата и ќе гласа за записникот, по однос на психолошкиот тест на кандидатите,ќе постапи согласно законската процедура.

Со оглед дека никој не се јави за збор, Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот ги стави двата записника со предлог одлуки на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно со 10 гласа "ЗА", усвоени се двата записници од Комисии за проверка на навременоста на пријавите и комплетност на документите на кандидатите по огласи за избор на судии од кандидати од Академијата за судии и јавни обвинители.

**Точка 2**

**Разгледување на извештај од работна посета во Основен суд Кавадарци**

Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот, истакна дека по втората точка од дневниот ред, Координаторот за Основен суд Кавадарци Павлина Црвенковска ќе го изложи Извештајот од работната посета на Комисијата во Основниот суд Кавадарци во која како членови беа и Ханиф Зендели и м-р Миљазим Мустафа, членови на Советот.

Членот на Советот Павлина Црвенковска истакна дека Извештајот за Основен суд Кавадарци ќе го презентира во кратки црти од причина што сите членови на Советот веќе го имаат во материјали за седница .Посочи дека Основен суд Кавадарци 2022 година ја започнал со 889 нерешени предмети, примил во работа нови 11.967 предмети, еден погрешно заведен

предмет и имал вкупно во работа 12.855 предмети, решени биле 12.211 предмети, а останале нерешени 644 предмети.

Според области од кои произлегуваат старите предмети може да се утврди дека нерешени предмети во работа на КС совет на судот на крајот на 2022 година се вкупно 14 предмети, нерешени предмети за повторување на постапката на крајот на 2022 година е вкупно 1 предмет, нерешени ППНИ предмети на крајот на 2022 година се 6 предмети, за предмети – издавање дозволи на крајот на 2022 година , не останал ниту еден предмет, нерешени предмети за извршување по Закон за семејство, на крајот на 2022 година е останат 1 предмет кој не е решен.

При посетата на Основниот суд Кавадарци, на одржаната средба со претседателот на судот, е разговарано по однос на состојбата со предметите, обемот на работа и ажурното решавање на истите, како и екипираност на судот со судии, стручни соработници и други од судската служба, а воедно разговарано е и со две судиите а еден судија во моментот на посетата користел боледување.

Наведе дека ова е единствен суд каде во канцеларијата на претседателот на судот има монитор со статистички податоци за движење на предметите во судот и овој начин на водење на статистичките податоци се применува само во Основниот суд во Кавадарци и е софтверско решение на самиот суд.

На мониторот, при почетокот на разгледување се податоци за вкупниот број предмети во работа,на мониторт се гледа колку е бројот на решени, новопримени и нерешени предмети.

Моментално беше анализиран бројот на нерешени предмети - вкупно 644 предмети .

Истакна дека една од целите на посетата беше утврдување на бројот на старите предмети - 7 на број се кај еден судија и истакна да не ги цитира по броеви истите , имено стари кривични предмети има два, стари вонпарнични предмети има исто така два , а стари граѓански предмети има -2, стечај-2, МАЛВП има 2, ТС 1 има 1 и РО има 2 предмети, или стари нерешени предмети се десет.

Истакна дека направен е пресек со старите нерешени предмети заклучно со 28.02.2023 година по судија и за секој поединечен предмет има образложени причини кои се наведени и истакна дека нема да ги чита

Истакна дека кривични предмети кај судија има два за кои се наведени и анализирани причините зошто се сеуште нерешени .

Воедно наведе дека кај судија има два нерешени стари предмети, за кои исто така се наведени и образложени причините за тоа во самиот извештај .Појасни дека претседателот на судот наведе дека еден судија работи на предмети за претходна постапка, истата работи кривични предмети и прекршочни предмети, сите основи, друг судија постапува по Оцена на обвинителниот акт и кривичниот совет, во кој учествуваат 2 граѓански судии, а претседателот на судот постапува по кривичните предмети спрема полнолетни- сите предмети , кои се во петорка и сите кривични премети за деца и во КС совет кога не може да постапува поради причини за изземање определениот судија, а исто така е и судија за извршување на санкции и во овој поглед состојбата во Основниот суд Кавадарци е идентична како и состојбата во секој друг суд.

Воедно наведе дека претседателот на судот за 2022 година постапувал како судија на претходна постапка и решил 8 предмети, 2 – оцена на обвинителен акт, 146 кривични предмети спрема полнолетни, 36 премети спрема деца, разни кривични дејствија 2932 предмети, замолници -10 , кривичен совет -182 предмети, затворски предмети -159, извршни кривични парични предмети-201, извршни прекршочни парични предмети- 1451 и остварил вкупна ориентационата годишна норма -29,95% ,а вкупниот квалитет на судот во граѓански оддел е 87,23%, а вкупниот квалитет на суд 80,59%.Членот на Советот Миљазим Мустафа извршил увид во предметите од СУ.ИЗЗ.БР уписникот од 2022 година, по барања за изземање на судија за 2022 година и во продолжение на извештајот се дадени сите предмети од наведениот уписник и изјави дека нема да ги чита затоа што се многу и има објективни причини за изземањата.

Од страна на работната група беше побарана листа од АКМИС-от за извршено заведување на предметите кои се примени во судот во јануари 2023 година(по кажување на информатичарот за податоците за 2022 година по судии треба пообемна работа и време)и се утврди дека најголем број од предметите примени во судот во јануари 2023 година се заведени истиот ден , односно примени се кај судија истиот ден кога се примени во судот, а дел од предметите се примени по еден ден или најдоцна по 4 или 5 дена, така што и во овој дел

работната група не утврди некакви недостатоци, по однос на тоа како се примаат и распоредуваат предметите.

Членовите на Советот Павлина Црвенковска – Координатор за Основен суд Кавадарци и Ханиф Зендели ги побараа предметите кои не само што се стари нерешени предмети,туку и до Судскиот совет има поднесено претставки со цел со директен увид да се види состојбата со истите, а воедно наведе дека беше разговарано со судијата која постапува по истите, повеќе од два часа со цел да се воочат детално причините за оддолговлекувањето на постапката по истите и да се надминат истите согласно доследна примена на законските одредби.Заменик претседателот на Советот и член на Советот Ханиф Зендели истакна дека сите членови го имаат извештајот и истакна дека може да се продолжи со заклучоците, на што членот на Советот Павлина Црвенковска истакна дека би сакала да потенцира само тоа дека едната претставка не е завршена и затоа во извештајот редоследно се наведени сите преземени дејствија во постапката, вешачењата , и истакна дека се надева дека овој извештај ќе помогне во завршување на претставката .Појасни дека за неа беше најважно што во едната претставка беше наведено дека поднесоците што странката ги доставувала до судот, не биле доставувани до другите странки, биле чувани во фиока и воедно не биле приложени во самиот предмет.По извршениот увид се утврди дека во предметот за кој што станува збор, сите поднесоци се залепени во списите на предметот и видно од доставниците доставени биле до странките во постапката, така што наводите во претставката во оваа смисла се апсолутно неосновани.

По однос на другиот предмет исто така беше разговарано со судија за стечајните постапки и беше истакнато дека по предметите се постапува континуирано, а во врска со оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа, која точка е наведена во Заклучокот на Советот, беше наведено дека во судот по однос на граѓанските предмети, состојбата е таква што судиите работат на секој вид на предмети по сите уписници постапуваат сите судии што работат на таа материја, што не е едноставно, но успешно се справуваат со таквата состојба.По однос на состојбата со судската служба, стручните соработници се распоредени така што секој судија има стручен соработник, истите си ги извршуваат сите обврски согласно дадените задачи а истото важи и за другите вработени во судот. Воедно беше разговарано за проблемот за безбедносните сертификати на судиите и се преземаат одредени активности во оваа смисла, но е потребно да се презат мерки за побрзо издавање на истите.Членот на Советот Павлина црвенковска ги истакна заклучоците од работната посета, имено,

1.По однос на причините за изземање, констатирано е дека поголем број се одбиени, дел се уважени. Во Барањата со донесени Решенија за изземање, постојат законски и образложени причини врз основа на кои претседателот на судот ги донел одлуките за изземање. Во предметите од СУ.ИЗЗ хронолошки не е констатирано постапување спротивно на законските прописи, донесените решенија содржат образложени причини за уважување, односно одбивање на барањето за изземање.

2.По однос на старите нерешени предмети, се постапува согласно Акциониот план за решавање на стари предмети, им се дава приоритет и се наоѓа решение на месечно ниво со цел намалување на нивниот број.Судиите секој месец доставуваат извештаи за стари и нерешени предмети, наведувајќи ги причините и преземените дејствија, така што од дадените изјави реално е да се очекува да се намали бројот на стари предмети, освен тие за кои постојат објективни причини.

3 Да се определи унифициран начин на определување бранители по службена должност според редоследот на адвокати по азбучен ред на Основен суд Кавадарци и истото е како препорака што е дадена во секој суд што се посетува, а не е утврдено во ОС Кавадарци дека така не се постапува.

4. Во врска со заведувањето на примените предмети, констатирано е дека истите се внесуваат во АКМИС истиот ден , а се прифаќаат од судиите најдоцна во рок од пет дена.

Ханиф Зендели , заменик претседател и член на Советот истакна дека за пофалба е тоа што во Основниот суд Кавадарци претседателот на судот во секое време директно може да види колку предмети во денот се примаат во судот, колку е приливот, колку од нив се застарени и слично, по што отвори расправа по втората точка од дневниот ред.

За збор се јави Весна Дамева, член на Советот која истакна дека во извештајот кој сите членови го имаат во материјалите за седница, не е констатирана состојбата во Основниот суд Кавадарци, по однос на сите точки од Заклучокот.Имено, координаторот со членовите од работната група биле задолжени од страна на Советот со заклучок да ја испитаат состојбата по однос на почитување на законските рокови за преземање процесни дејства, како и констатирање на евентуален застој во работата, причините за застојот и каква е состојбата со стари нерешени предмети, а во извештајот такви податоци за дел од овие точки , истакна дека не видела, што значи дека овој извештај не е целосен. Имено, нема констатација и утврдена состојба по однос на тоа што е наведено во заклучокот по однос на тоа дали се почитувани законските рокови за преземањето на процесните дејствија , дали се почитувани законските рокови по однос на објавување и изготвување на одлуките, дали има застарени предмети односно каква е состојбата со застарени предмети покрај старите нерешени предмети .Воедно неспорно е дека во текот на посетата работната група под раководство на координаторот , се потрудила да констатира и други факти, а тоа се дека претседателот има во канцеларијата има монитор и континуирано ги следи предметите , која е целта на тој монитор за кој се кажа дека е од особено значење, но не навлегува во тоа а во заклучокот на Судскиот совет тоа го нема, а во врска со констатацијата дадена во извештајот врз основа на извршениот увид во оние предмети кои што се децидно наведени, истакна дека не видела соодветен заклучок, соодветна аргументација и анализа на истото, за да како член на Совет го прифати или не го прифати ставот на работната група. Наведе дека како и да е, ќе скрати и наведе дека категорично смета дека извештајот не е целосен и треба координаторот да постапува согласно заклучок на Советот децидно по сите таксативно наведени точки бидејќи не случајно Судскиот совет носи заклучок со вакви точки за да се има целосната слика, а не одредени работи кои што се ирелевантни според неа , а тоа е колку судии има, каков е годишниот распоред, по кои предмети постапуваат и дали претседателот има монитор,тоа е работа на претседателот.Значи за да не се одлага усвојувањето на овој извештај , наведе дека ќе гласа за усвојувањето на овој извештај, но смета дека извештајот не е целосен , треба да се изготви дополнителен извештај, координаторот да организира дали посета во судот, или ќе побара податоци , тоа останува на координаторот да ги извиди сите состојби по однос на точките од заклучокот, односно да постапи по одлуката на Судскиот совет, а ова дотолку повеќе што дополнителен извештај е потребен и наведе дека тоа ќе го поткрепи со фактот што во времето кога членот на Советот Весна Дамева била претседател, од страна на Вишото Јавно обвинителство биле доставени дописи заведени во Советот под бр. 506/1 од 09.03.2023 година и од страна на ОЈО заведено во Советот под број 681, истите се доставени до координаторот и ако како причина се наведува дека испитана е таа состојба , бидејќи има некоја контрадикторност, има идентични дописи и до претседателот на Основниот суд Кавадарци и до претседателот на Судскиот совет, значи од една страна да се произнесе за неговото постапување и однесување,а од друга страна го известува претседателот дека тоа е составен дел на извештајот, наведе дека бара пред Судскиот совет да ја истакне состојбата по однос на овие наводи, по овие два дописи, бидејќи истите се со сензитивна содржина и не се работи за увид во предмети, се работи за нешто друго, меѓутоа во овој момент истакна дека со цел да го зачува интегритетот на претседателот на Основниот суд Кавадарци нема да изнесува други податоци, но должен е координаторот да го запознае Советот со состојбата и со понатамошните дејствија, па, може тие факти да ги констатира, бидејќи институционалната соработка е особено важна, а особено кога се работи за состојба за која Советот дознал од Вишото јавно обвинителство .

Ханиф Зендели , заменик претседател и член на Советот истакна дека со оглед на тоа дека е член на работната група за Основен суд Кавадарци,заедно со координаторот, истакна дека се согласува со кажаното од членот на Советот Весна Дамева, со тоа што Судскиот совет истото треба да го врши во континуитет и се согласува да се изврши дополнување на извештајот во соработка со координаторот.

За збор се јави м-р Ивица Николовски , член на Советот, кој истакна дека според него извештајот е преобемен, во него се наведени многу околности, но од истите не може да се формира вистинска слика каква е вистинската состојба во Основниот суд Кавадарци. Извршената контрола ,генерално, како еден од начините за следење на состојбата на судовите и судиите кои ја вршат судиската функција во тој суд, треба да биде фокусирана на содржина од која навистина ќе произлезе една реална слика што е добро , а што недостасува во тој суд. Наведе дека тој како член на Советот со читање на извештајот не може да формира една реална

слика за состојбата со тој суд.Покрај наведените точки во заклучокот истакна дека во иднина би предложил да при извршена посета, контрола на еден суд од страна на работна група, извештајот да содржи податоци по однос на старите незавршени предмети, дали се платени судските такси,податоци за изземањата, распределба на предметите, назначување адвокати по службена должност,или тоа е по избор на странките, објава на одлуки,односно процесното однесување на судиите , дали се испочитувани правата на странките за објава на одлуките, изготвена одлука во предвиден рок, одредбата од член 518 од Законот за извршување,со која одредба се дозволува ослободување на единиците на локалната самоуправа од спроведување на извршување,назначување на раководни лица и назначување на раководители на оддели, колку поплаки од граѓаните се поднесени до претседателот и на колку од тие поплаки е одговорено и за колку од нив е известен Судскиот совет, состојбата со тонските снимања, дали постои технички проблем или некоја друга состојба, како и дали претседателот на судот поведува дисциплински постапки за судската служба, каква е дисциплината, етиката на судската служба. Истакна дека според него работните посети и изготвените извештаи треба да бидат проширени со определени прашања како и наведените податоци .

Ханиф Зендели , заменик претседател и член на Советот истакна тоа се добри идеи, но многу работа на Советот но дека би можело во иднина да се вметнат во заклучоците и во Акционен план на Советот за посетите во судовите и некои од наведените податоци.

М-р Тања Чачарова Илиевска , член на Советот, зема збор и истакна дека има прашање до работната група бидејќи не можела да види во делот од извештајот за изземањата за тоа по донесена одлука за изземање како е постапено после тоа од страна на претседателот на судот и дали се запазени одредбите од Судскиот деловник во однос на новата прераспределба на предметот.

М-р Селим Адеми, член на Советот зема збор и истакна дека се согласува со членот на Советот м-р Ивица Николовски за подетално разгледување на состојбата во судот, но следењето на работата на суд не се прави само со физичко присуство во судот, тоа се следи континуирано, судовите доставуваат месечни извештаи,тримесечни извештаи, годишни извештаи и членовите имаат во секој момент пристап во системот за разгледување на број на предметите и како координатор на суд секој член е должен секој ден да ја следи работата на судот за кој е одговорен, а доколку се што е наведено треба да се опфати во извештајот истиот би бил над 100 страници , но сепак истакна дека се согласува за одредени работи подетално да се вршат при посети во судовите.

М-р Миљазим Мустафа, член на Советот зема збор и истакна дека при посетата во судовите не е можно да се изврши увид во сите предмети, но на предметите на кои се прави увид се врши целосна опсервација од поднесување тужба до целосно архивирање на предметот и се тоа е наведено во извештајот, а воедно се согласува дека во иднина треба во извештаите да се работи и поцелосно да биде разработена состојбата на судовите, но во однос на контролата истакна дека Основниот суд Кавадарци е еден од најдобро организираните судови и покрај тоа што се справува со недостиг на судии ,судиите успеваат да се изборат со состојбата организирани се добро , а исто така добро е организирана и нивната поддршка со техничкиот кадар и Основниот суд Кавадарци е еден од најдобро организираните судови .

Членот на Советот, координатор за Основен суд Кавадарци Павлина Црвенковска на прашањето на членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска истакна дека ова прашање не го поставиле на претседателот на судот, но по барањето за изземање понатаму се постапува согласно законот, на што членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска истакна дека не се согласува со одговорот, не може да се постапува на основа на претпоставкиима точно наведени предмети на кои рааботната група вршела увид и од извештајот треба да има одговор на нејзиното прашање - каква била постапката по изземањето, како биле прераспределени овие предмети, дали била испочитувана одредбата од член 178 од Судскиот деловник,на што координаторот на Основниот суд Кавадарци истакна дека забелешката е прифатена.

Со оглед дека никој повеќе не се јави за збор, Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот го стави Извештајот за Основен суд Кавадарци со искажаните забелешките на гласање.По гласањето се констатира дека едногласно со 10 гласа “ЗА“, усвоен е Извештајот и останува обврска за работната група при наредна посета на Основен суд Кавадарци се разгледаат искажаните забелешки што беа изложени.

**Точка 3**

**3.Расправа по извештаи за констатирана состојба**

Заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели, член на Советот, по третата точка од дневниот ред- расправа по извештаи за констатирана состојба , истакна дека согласно член 39 став 2 од Законот за Судскиот совет на РСМ, во точка 3 од дневниот ред, јавноста се исклучува.

.

**Точка 4**

**Формирање на комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд – јавноста е исклучена**

**Точка 5**
**Разно**

Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот, по петтата точка од дневниот ред –разно, истакна дека нема материјали, но истите материјали наоѓаат во материјалите за 446-та седница, во точка разно и известувањата под 1 и известувањето под 2.Наведе дека по однос на известувањето од членот на Советот м-р Селим Адеми веќе Советот одлучил, останато е само известувањето од страна на членот на Советот ... заведено под бр. 10-.. од 29.05.2023 година и известувањето на членот на Советот ... заведено под бр. 10-.. од 09.06.2023 година и воедно потребно е да се одлучува по наведените известувања. Наведе дека имајќи предвид да по однос на истото барање , подносител е ..., член на Советот и истата затоа треба да ја напушти седницата,а исто така треба да ја напуштат седницата и членот на Советот ...,како и членот на Советот ..., и истите ја напуштија седницата, по што заменик претседателот на Советот истакна дека бидејќи за ..., член на Советот веќе е одлучено и е изземен, тој може да присуствува на седницата на Советот, но да не гласа.

Членот на Советот .... по барање на заменик претседателот на Советот се врати на седницата и по обезбедениот кворум за работа на Советот, седницата продолжи.

Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот го изложи во кратко известувањето поднесено од членот на Советот ... и предложи членот на Советот … да биде изземена од Комисијата на известители по барањето за утврдување одговорност на судија на Апелациониот суд Скопје, каде е член на Комисијата на известители .

Членот на Советот м-р Ивица Николовски зема збор и истакна дека според Законот за Судскиот совет на РСМ во член 33 е предвидено дека член на Советот не учествува во работа на Советот во постапки во кои се одлучува за судија, претседател на суд, кандидат за судија или кандидат за претседател на суд (прочитан е целиот член од законот). Во контекст на наведеното општо елаборираше за релативните причини за изземање и конкретно за содржината односно причините на поднесеното известување како и дека во конкретниот предмет се опфатени над четири илјади граѓани , што е огромен број , ако се докаже дека е така .

Членот на Советот Мери Радевска зема збор и истакна дека членовите на Советот се правници и потребно е да се изразуваат согласно законските изрази , а во конкретниот случај не се работи за поднесено барање за изземање, туку се работи за поднесено известување и според неа ако тоа е така треба да се анализира, дали е непристрасен посматрач, постоење на роднинска врска на член на Советот со оштетен во кривична постапка кој истакнал имотно правно побарување и е упатен на спор , а воедно резултатите од кривичната постапка , дали спрема некој ќе застари предметот, или нема да застари зависи можноста да се наплати имотно правното барување , според неа е основ за изземање.

Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот истакна дека истото размислување го дели и тој и воедно запраша дали друг од членовите бара збор, па од причина што никој не се јави за збор , го стави предлогот на гласање - дали членот на Советот ... да се изземе по однос на поднесеното известување бр. 10-... од 29.05.2023 година .

По гласањето заменик претседателот на Советот констатира дека со 6 гласа "За" и 1 глас "Против", Советот донесе одлука членот на Советот .... да се изземе по однос на поднесеното известување бр. 10-.. од 29.05.2023 година.

Со оглед на тоа дека членот на Советот Весна Дамева е изземена, заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели истакна дека е потребно да се избере со ждрепка да се избере нов член на Комисијата , од редот на членовите избрани од страна на Собранието на РСМ.

По пат на ждрепка беше избрана ....а, член на Советот, наместо...., член на Советот, по што заменик претседателот на Советот Ханиф Зендели , констатира дека Советот донесе

**О Д Л У К А**

За измена и дополнување на Одлука за измена и дополнување на Одлука на Судскиот совет на РСМ бр.10-... од 12.05.2023 година.

Во став 1 алинеја 2 од Одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр. 10-... од 12.05.2023 година, наместо „....- член на Комисијата", да стои „... – член на Комисијата".

Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот истакна дека членовите на Советот треба да го разгледаат известувањето поднесено од членот на Советот … заведено во Советот под бр. 10… од 09.06.2023 година, по што членот на Советот Мери Радевска ја напушти седницата.

Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот го изложи поднесеното известување во целост, по што отвори расправа на која никој од членовите не зема збор и истото го стави на гласање.

По гласањето заменик претседателот на Советот констатира дека со 6 гласа "Против", од присутни седум членови, Советот донесе одлука членот на Советот .. да не се изземе од конкретниот предмет во врска со поднесеното известување бр. 10-.. од 09.06.2023 година.

Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот констатира дека членовите на Советот … се вратија на седницата и истакна дека седницата продолжува со изложување на дописот –Ургенција за времено упатување за вршење на судиска функција во Основен суд Делчево доставено од претседателот на Основен суд Делчево и даде збор на членот на Советот Лорета Горгиева, која е координатор за Основниот суд Делчево.

Членот на Советот Лорета Горгиева го изложи во целост дописот – Ургенција за времено упатување за вршење на судиска функција во Основен суд Делчево заведено во Советот под 02-1326/1 од 29.06.2023 година за тоа дека со решение на Судски совет на РСМ од 01.10.2021 година во Основен суд Делчево била времено упатена за вршење на судиската функција судијата на Основен суд Штип Невена Перица која вложила приговор кој и бил уважен од страна на Врховен суд на РСМ.Имајќи во предвид дека судиската функција во Основен суд Делчево ја извршува еден судија кој е и претседател на судот како и моменталниот број нерешени предмети за месец мај 2023 година и тоа од граѓанска област 676 предмети, неопходно е потребно времено да се упатат судии за вршење на судиската функција.Од 15.07.2023 година судиската функција во Основен суд Делчево ја извршува еден судија кој е претседател на судот,поради што од Советот бара да упати судии кои ќе ја извршуваат судиската функција во Основен суд Делчево и ќе постапуваат по граѓанска област.

Ханиф Зендели, заменик претседател и член на Советот по изложеното, отвори расправа на која никој од членовите не зема збор и сите членови на Советот се согласија дека во моментот нема услови за времено упатување судии во Основниот суд Делчево, со оглед на тоа дека постапката за избор на судии во основни судови е во тек и веднаш по изборот на истите ќе биде извршено упатување на судии кои ќе ја извршуваат судиската функција во Основниот суд Делчево, за што на претседателот на Основен суд Делчево ќе му биде доставено известување .

Откако повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор претседателот на Советот констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 447-та седница на Советот и дека истата е завршена во 15:20 часот.

Напомена: Тонскиот запис е составен дел на овој записник

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I**
**REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Заменик претседател - Zëvendës Kryetar**
**Hanif Zendeli**

Изработил: Весна Михајловска ,државен советник
Одобрил: Весна Толева ВД Генерален секретар